Иван МИКУЛЧИЌ

# АНТИЧКО СВЕТИЛИШТЕ И ТВРДИНИ НА КЛЕПА

Клепа е планина и врв што доминира во северниот дел на Средното Повардарје. Така е наречен и крајот околу планината со десетина села во подножјето. Клепа е избраздена со бројни долинки кои се спуштаат на север и запад во долините на Бабуна и Тополка, на југ во долината на Црна Река и на исток во долината на Вардар.

Во центарот на тој простор се издига самиот врв Клепа, висок 1149 м. Изгледот му е многу карактеристичен и лесно забележителен. Потсеќа на голема шапка, поставена на врвот од планината. Се работи за вулканска купа со излиена базалтна грамада на врвот. Поради ова, врвот како главен природен ориентир се гледа во пречникот од околу 40 км, наместа и значитно повеќе.

Клепа привлекува внимание на секој минувач по магистралниот пат крај Вардар, почнувајќи од Велешката клисура на север до Неготино на југ, и по патот од Градско до Дреновската Клисура на југозапад. На исток доминира далеку преку Вардар, а на запад во долините на Бабуна и Тополка. Клепа е главен природен ориентир што се издига на хоризонтот околу античкиот град Стоби. Во овој контекст треба да се посматраат и античките остатоци на Клепа.

Клепа ја посетив во јули 1976 и повторно во август 1981 година, кога се извршени премерот и документирањето на наодите, што долу ги прикажувам.[1]) Успонот на Клепа е многу стрм и тежок, кампувањето горе неизводливо; поради тоа истражувањата беа ограничени само на најважните наоди.

---

[1] Клепа е истражувана во рамките на проектот „Стари градови и тврдини во Средното Повардарие“. Во акцијата учествуваа, покрај потпишаниот и З. Георгиев и В. Лилчиќ од овој факултет и студентите А. Писарев и Н. Чаусидис од Скопје.

На врвот на Клепа се протега мало зарамнето плато, наведнато на југ и заштитено од силните ветришта што цела година дуваат од северозапад, од масивот на Јакупица и Солунска глава (2540 м). На с/и крај на платото се издига базалтната „шапка", со пречник од околу 70 м и висока од север до 20 м. Страните на карпата се стрмни и голи а во северното подножје има слабо изворче. Еден посилен извор, всушност каптажа на површинските сливови, се наоѓа околу 100 м ј/и од платото. во седлото од каде води најлесниот пристап до врвот. Каптажата е всечена во карпа во вид на четвртеста просторија, голема во основа 5,50 x 4,50 м а горе проширена (9 x6 м); јужниот ѕид и е пробиен и денес не функционира. Селаните од околината ја викаат „Маркови јасли"[2]).

Околу платото бил подигнат одбранбен ѕид а просторот во него искористен за постојано живеење. Среде него стоело големо античко светилиште, најстариот и главниот објект на ова место.

Одбранбениот ѕид што и денес јасно се гледа над површината на теренот, бил од кршен локален камен и како се чини без употреба на малтер. Широк е просечно околу 2 м. Повлечен е во прави потези, кои се кршат под благи агли. На јужната, најблага страна, имало и четвртести кули. Сѐ ова, како и делумно замислената четвртеста основа со организирана внатрешна ортогонална структура, го определуваат објектот како доцноримски кастел.

Во јужната половина на кастелот извонредно јасно се гледаат темели од десетини големи четвртасти градби, со масивни ѕидови и со по неколку простории. Сите имаат иста ориентација, ускладена со потегот на јужниот ѕид како челната линија на целиот кастел (сп. план). Ова, како и сочуваноста на внатрешните објекти и површинските ситни наоди, упатуваат на мислење дека кастелот бил изграден (или можеби само обновен?) на почетокот на доцноцарски период.

Вакво датирање даваат бројни аналогни примери како во другите краишта на Македонија, така и во речиси сите провинции на доцноримското Царство[3]).

Кастелот на Клепа има максимална должина од 208 м и ширина од 135 м, а зафаќа простор од само 1,7 ха. Базалтната купа служела како акропола и осматрачница.

Приближно во центарот на тврдината, во ј/з подножје на карпата, лежат темели од голема цврста градба, со ориентација

---

[2] Преданијата за ова, како и за другите старини на Клепа и околу неа, ги слушнавме од 83—годишниот Драган Панов, шумар во пензија и денес единствениот жител на село Двориште.

[3] За ова сп. И. Микулчиќ, Старо Скопје со околните тврдини, Скопје 1982, 48—53, 58—116.

поинаква од горе спомнатите градби. Внатрешноста и е поделена во 2 големи квадратни простории. Од неа, во поново време биле извлечени 20-ина обработени блокови и депонирани источно од неа, каде и денес лежат прораснати со висока трева и трње. Блоковите биле подготвени за транспорт, со нив да се обнови средновековниот манастир на Костадин и Елена; тој лежи 3 км северно од врвот, долу на еден од ридовите во подножјето на Клепа.[4])

Блоковите се изделкани од квалитетен варовник, чии лежишта се наоѓаат на околу 2,5 км источно од врвот. Блоковите потекнуваат воглавно од стилобатот на една голема раноримска градба — несомнено храм. Правилно се обработени; горната страна им е убаво измазнета, страничните ситно нерамни а долната погруба. Се повторуваат определени големини: широчина од 0,58 и 0,64 м, дебелина од 0,30 — 0,32 м. Имаа по 2 или 3 дупки на краевите на горната страна, за меѓусебно поврзување со железни кламфи (сл. 4 и 14).

Меѓу блоковите евидентиравме и неколку форми со помазна обработка и богата профилација, а изработени од бел зрнест мермер. Потекнуваат веројатно од постаменти — за статуи и ари во храмот. Во депонијата меѓу блоковите, евидентиравме и 2 дела од столбови, од сиво-бел мермер, со пречник од 0,28 и 0,32 м. Натаму, дел од основа на еден коринтски капител (акантов лист со 9 перки), од бел мермер. Имал пречник од 0,32 м. сл. 6.

Меѓу блоковите најдовме и 2 фрагмента со натписи: — дел од многу дебела плоча или постамент, од бел зрнест мермер, со остатоци од латински натпис: A] POL | L]ON[ I. Убава раноримска капитала, веројатно II век. Посвета на Аполон. Сл. 12. — Дел од мермерна плоча со грчки натпис во 3 реда: ΛΙΟΣ ΑΛΕ [ΞΑΝΔΡΟΥ | . . . ΛΟΥΚΙΟΥ Η. . . | ΝΙΑ . . . Буквите високи 31—33 мм. Сл. 12.

Спомнатата депонија е прораснатата со дива вегетација и ние не ја рашчистувавме ниту ги откопувавме блоковите. Премерени се и исцртани само помаркантните меѓу нив — од тие што се гледаат целосно на површината.

*Храм II*

На 15 м северно од депонијата се издига мала карпеста тераса, со убав поглед врз кастелот. Северно од неа се издига големата карпа — врвот. На терасата, со ерозија е разголена

---

[4] Сп. забелешка под 2.

основа на еден мал антички храм. Го сигнираме како храм II. Темелите му лежат непосредно на карпата. Сложени се од кршен камен врзан со кал, имаат нееднаква ширина и нерамни лица, опусот е изразито слаб.

Градбата има правоаголна основа а се состои од 2 простории една до друга, со претпростории или отворени тремови однапред од југ. Просторот пред нив е гола карпа, делумно зарамнета и издлабена. Уништени и се јужната и источната страна. Зачуваните димензии денес мерат 6,50 x 5,30 м, не сметајќи го тука тремот од јужната страна чија точна ширина не ја знаеме. Темелите се широки 0,60 — 0,80 м и високи само 1—2 реда камен. Најдобро е зачувана западната просторија, голема 2,20 x 2,50 м, со широк влез од југ и зарамнет претпростор пред него.

Подот, грубо порамнет во жива карпа, го затекнавме разголен во најголемиот дел на западната просторија; од културниот слој црн од горетини, останале мали траги во длабнатините на почвата и прораснати со трева. До северниот ѕид лежеле делови од 3 мермерни статуи — 2 потколеници и една подлактица, а меѓу нив стоел уште ин ситу еден од некогашните постаменти, голем обличест камен природно оформен. Со рашчистување на вегетацијата, најдовме расфрлени по подот 10 римски монети — сосем мали бронзи од IV век. Следи опис на наодите:

— Потколеница од десна нога на статуа од бел мермер, зрнест и мек; површината е порозна — испечена во пожар. Убаво е моделирана, со нагласени анатомски детали. Ногата е обуена во ниска ловечка чизма со преклопена тролисна сара; од предната страна била стегана со накрсно протнати ремени. Несомнено е дел од статуа на Артемида, висока околу 1,30 — 1,40 м; сочуваниот дел висок 290 мм. Сл. 6.
— Дел од десна нога — потколеница од бел мермер, убаво моделирана и со мазна површина. Прекршен е високо над глуждот. На листот, одвнатре одзади, има конструктивен додаток — спона со другата нога. Овој елемент, како и масивноста на ногата, зборуваат за машка статуа. Аполон? Сочувана висина 140 мм; цела статуа висока колку и претходната. Сл. 6.
— Дел од лева рака — подлактица, од сив компактен мермер. Фино моделирано, со мазна површина, без анатомски детали. Црно нагорела во пожар. Женска, Сочувана должина 140 мм, максимален обем 235 мм — значи дека статуата била во природна големина! Сл. 6.

Најдените 3 фрагменти потекнуваат од три различни статуи. За тоа зборуваат различните големини и врсти на мермери. Едната била во природна големина, другите две нешто помали.

Теснотијата на просторијата во која лежеле и примитивноста на ѕидаријата на малиот храм убедливо зборуваат дека статуите не биле изработени за овој објект. Тие првобитно стоеле несомнено во големиот храм I. По некоја катастрофа, кога страдал храмот, бил изграден провизорниот храм II и во него пренесени статуите, можеби и тие тогаш веќе оштетени. Сепак, тие тука на новото место, биле почитувани сè до крајот на IV век.

Најдените монети се доцноримски миними, со пречник од 12 — 16 мм; и тие од своја страна зборуваат за скромните можности на донаторите. Монетите се ковани од Констанције II (337—361), Јулијан Апостата (361—363), Валентинијан II (375—392) и Теодосие I (379—395 г.); другите се нечитливи.

Вакво датирање од средината до крајот на IV век изненадува. Ова е засега најдоцна датираниот пагански култен објект кај нас. Да потсетиме, дека во соседните Стоби првиот христијански епископ е забележан веќе во 325 година![5])

Долговечноста на светилиштето на Клепа веројатно се должела на популарноста на Артемида и Аполон што тука биле почитувани. Артемида била највеќе почитувано античко божество во нашите краишта[6]). Нејзиниот брат Аполон бил изворно почитуван покрај големите планински карпи, во кои често удирале грмотевици.[7]). И Аполон на Клепа бил очигледно громовник; и тука многу треска во летните месеци. А летните дождовни облаци што го натопуваат најголемиот дел на Средното Повардарие, се формираат токму на Клепа. Овој метеоролошки детал од памтивек му е познат на населението од овој крај. Нема сомнение дека на Клепа стоело едно од најголемите планински антички светилишта кај нас.

Идентично светилиште стоело и на Трескавец, 8 км северно од Прилеп. Карпата Златоврв над Трескавец најмаркантен е природен ориентир за цела северна Пелагонија, а средновековното словенско име Тресковец јасно кажува за силината на летните грмотевици на тој врв. Аполон е забележан на Трескавец на две римски ари, со домашно име: Аполон Отеуданос

---

[5] Епископот Будиос, потписник на Никејскиот собор во 325 година — според Ф. Папазоглу, Македонски градови у римско доба, Скопје 1957, 236—237, и посочен извор.

[6] И Микулчиќ, Непознат антички град кај Мојно, Год. зборник на Филозофскиот факултет во Скопје кн. 22, 1970, 331—332; — исто и S. Düll, Die Götterkulte Nordmakedoniens in römischer Zeit, München 1977, 32—48.

[7] Pauly-Wissowa, Reallexikon der Altertumswissenschaft Bd. II. 1, Stuttgart 1895. s. v. Apollon (-Wernicke), 1—111 — исцрпен преглед на сите функции, форми и култови на ова најголемо хеленско божество, почитувано и кај соседните народи.

односно Етеуданискос[8]). Овај балкански громовник, изедначен по форма со хеленскиот Аполон, забележан е под истото име (Таденус) и на подрачјето на денешна Црна Гора[9]). Околу светилиштето на Трескавец израснала уште во предримско време мала укрепена населба, Колобаиса[10]), која живеела во голем дел од светилиштето и ходочасниците; во доцната антика, врз урнатото светилиште на Аполон и Артемида била изградена ранохристијанска црква, а во полн среден век манастирскиот комплекс на Св. Богородица.

Прикажаните камени наоди на Клепа — блокови, постаменти, натписи и статуи, според стилските обележја се ранонимски; може да ги датираме воглавно во II век, со тоа што некои елементи можеби преминуваат и во раниот III век. Меѓутоа, видовме дека култот живеел и низ целиот IV век. По тоа, кога насекаде завладеало христијанството, не знаеме што се случило. Меѓутоа, традицијата на големото античко светилиште на Клепа продолжила да живее и во Среден век!

Неполни 3 км северно од врвот, во подножјето на главнаната планинска купа, се издига маркантно ритче Костадин и Елена (високо 777 м); на 1,7 км с/и од него е Свеќани, денес раселено. На ритчето стои истоимена средновековна манастирска црква. Уривана е и президувана повеќе пати, а последната обнова на манастирот не е довршена.[11]).

Кај црквата лежи голем ранoримски блок, обработен на ист начин како и блоковите на Клепа; освен него, има уште неколку парчиња. По кажувањето, донесени се од Клепа; за иста намена биле потготвени и 20-те спомнати блокови на Клепа, за обновување на овој манастир. А во црквата е вградена и плочата со натпис, што ја подигнал градот Арг на добротворот Јулие Касиан. Верувам дека и плочата е донесенаваму одгоре, од Клепа, а не од некое друго, многу подалечно место[12]). Светилиштето на Клепа веројатно било под контролата на бли-

---

[8] Н. Вулиќ, Антички споменици наше земље, Споменик САН књ. 71, Београд 1931, 182, 183, бр. 489, 490, 491;

[9] Р. Мариќ, Антички култови у нашој земљи, Сарајево 1927, (Таденус).

[10] За наодите на Трескавец сп. I. Mikulčić, Pelagonija u svetlosti arheoloških nalaza, Diss. iug. III, Skopje—Beograd 1966, 80, sl. 37; istiot, Tabula Imperii Romani, sectio Naissus—Thessalonika, Ljubljana 1976, s. v. Kolobaisa, 72.

[11] К. Балабанов, М. Корнаков и А. Николовски, Спомениците на културата во СР Македонија, Скопје 1979, 152—154. Црквата на св. Костадин и Елена несомнено е најстара (X век?) и најпозната во овој крај.

[12] Ф. Папазоглу, н. д. 232, 233; — Б. Јосифовска, Прилог лоцирању града Аргоса у Пеонији, Жива Антика год. XV, 1, Скопје 1965, 117—120, претставува дека плочата е донесена од „Видин", с. Водоврати, каде веројатно лежат урнатините на античкиот Арг.

скиот град Арг (на потегот „Видин-град“, с. Водоврати), што лежел во подножјето, 5,5 км североисточно од Клепа.

Останува да се разјасни уште понешто. Доколку св. Костадин и Елена навистина ја продолжиле античката традиција на Клепа низ Среден век, зошто токму таа владетелска христијанска двојка? Дали ова е случајност? Или сепак живеал споменот на паганската двојка, Аполон и Артемида, забранети во христијанството? Споменот кој не можел сосем да се избрише, па затоа бил облечен во нова, паганско-христијанска форма. Историјата е полна со противречности: и римскиот цар Константин, макар што бил паган до смртта, поради мајка му Хелена, христијанка, бил прогласен со време за христијански светител!

## ДОЦНОАНТИЧКИ ТВРДИНИ ОКОЛУ КЛЕПА

Позицијата на Клепа имала во античко време не само култно туку и исклучително стратешко значење. Од горе, од Клепа, се пружа поглед на голем дел од Средното Повардарие. Вакво двојно значење — како светилиште и како осматрачница — Клепа имала несомнено веќе во хеленистичко време; треба да нагласиме, дека меѓу површинските наоди се среќаваат и парчиња од хеленистички тегули, боени од една страна со темно-црвен и посен матфирнис. Од Клепа директно се гледаат бројни пајонски градови и помали населби: Арг, само 5,5 км с/и од Клепа; — безимената полисма на „Св. Илија“ — Виничани, 2,5 км подалеку од Арг во иста насока; — Гурбита („Градиште“ — Згрополци), 8,5 км сс/и од Клепа; — безименото гратче кај Грнчиште, 7 км северно од Клепа и она кај Титов Велес (на средновековното „Кале“ — пајонска Алмана?), 15 км северно од Клепа. — Големиот град Еударист („Градиште“ — Дреново), 15 км јужно од Клепа; — мали утврдени населби кај Мрзен, Крушевица, Трстеник и Манастирец, на потезот помеѓу Еударист и Стоби. — Потоа Стоби, 13,5 км источно од Клепа. Клепа се гледа дури од безименото гратче на „Градиште“ — Неготино, 25 км на иЈи; и од пустите пространства преку Вардар од Кучук-Кол, Слан Дол и Ногаевското Поле, сѐ до јужното Овчеполие на североисток.

Овој географски осврт беше неопходен, читателот да го сфати вистинското значење на зборот „стратешка“ положба на Клепа. Ова значење директно е потврдено во доцната антика. Несомнено во времето на Тетрархијата бил изграден (или можеби целосно обновен?) кастелот на Клепа, со постојана војничка посада и постојани жители во него.

Чудно е меѓутоа што во исто време околу Клепа биле изградени уште три кастела: „Кале“ („Белград“) — Двориште, 2,5 км ис/и од Клепа; „Кале“ — Г. Чичево, 3,7 км ј/и од Клепа, и „Кале“ — Скачинци, 3,3 км с/з од Клепа. Овие кастели лежат исто на доминанти врвови, меѓутоа на многу пониски позиции од Клепа. Со Клепа се визуелно одлично поврзани.

Се наметнува мислење дека овие околни тврдини биле во функција на централното упориште на врвот на Клепа. Само заедно со него, поврзани во еден одбранбен и офанзивен систем, тие би имале извонредни организациони и стра... можности, усмерени кон долината на Вардар, долината на Црна и долината на Бабуна.

Ако трите околни кастели ги посматраме одделно од централното упориште на Клепа, дури и без него — доколку постоела хронолошка разлика меѓу нив — тогаш овие би имале само најтесно локално значење, секој со ограничена доминација врз еден помал регион под нив. Помали временски разлики во нивното подигање можеби има, меѓутоа не толкави за да зборуваме за еден постар кастел и еден понов кој по напуштањето на првиот бил изграден во неговата близина. Ова не би било логично, судејќи според нивниот изразито воен карактер и нивните позиции кои само се надополнуваат а не и заменуваат. Натаму, тоа се големи и скапи градежни зафати изведени во малтерен опус, ѕидани масивно и квалитетно за да истраат долго. Вакви градби тешко би се напуштале и преместувале во близина. Секоја од овие тврдини има јасно определена задача во овој мал систем.

Точно е дека прецизна хронологија на овие тврдини немаме. Преку површинските наоди на доцноантичка грнчарија и тегули, според зидаријата како и формата на овие кастели, нивните кули и други елементи, можеме со сигурност да ги сместиме во доцната антика; во рамките на IV—VI век. Всушност и другите доцноримски тврдини кај нас што досега биле истражувани, покажувале ваква хронологија: изградени биле воглавно во текот на IV век, употребувани најчесто и низ V век а обновувани во помал број и во VI век.

Следи кус приказ на овие тврдини.

*1 — „Кале“, Горно Чичево.*

Лоцирана е на стрмниот рид Кале, 1,6 км ј/з од Г. Чичево и 3,7 км ј/и од врвот на Клепа. Ридот има стрмни падини, свртен е со челото кон исток и се наднесува над составот на Копешка Река и Калиманскиот Поток. Овие всекле длабоки поројни корита северно и јужно од Калето. Одгоре, ридот е зарамнет во тесно плато, обраснато денес со трева. Единствен лесен пристап води од запад, преку природно планинско седло.

Тврдината го зафаќала западниот дел на платото. Од источниот дел се бранела со одбранбен ров, просечен на 32 м пред челниот ѕид. Западната страна на ровот била подѕидана со камен. Сличен ров, широк 9—10 м и долг 40 м, бил просечен и пред с/з крај на кастелот, на 18 м пред ѕидот.

Пред овој ров се протега мало косо плато, големо 60 x 40 м. На платото се гледаат бројни гробови, делумно разголени со ерозија. Градени се од грубо цепени камени плочи, со ориентација з—и. Во понекоја конструкција биле употребени и доцноантички тегули. Вакви аналогни наоди кај нас упатуваат на доцноантичко време. Очигледно е дека некрополата била натискана на мал заштитен простор непосредно под заштитата на с/з чело на кастелот. Најзагрозената с/з страна на некрополата била заштитена со висока копана ешарпа, која се наднесува над седлото, како главниот пристап до кастелот.

Самиот кастел има неправилна петоаголна основа, изведена од деформиран правоаголник. Ова е вообичаена појава кај доцноримските кастели во целото Царство[13]). Северниот ѕид е повлечен во еден потез и зајакнат со 3 четвртести кули. Источниот ѕид има на средина 2 исти кули, што несомнено бранеле една порта меѓу нив. Јужниот ѕид, поради релјефот на почвата, прави голем прелом надвор и е зајакнат со 4 исти кули.

Западниот ѕид е редуциран поради опасноста, на должина од само 42 м, искривен во с/з насока и бранет со кула на средината. Со време, овој ѕид бил заштитен однадвор со нови ѕидови, кои затворале триаголен простор пред него, со зајакнато надворешно аголно чело. На тој начин, најчувствителната с/з страна станала најукрепена во целиот кастел (сп. план).

Во кастелот се наѕираат темели од повеќе градби. Бројни се парчињата од покривни тегули и од питоси. Во ј/з дел на кастелот, една голема длабнатина индицира потрупана цистерна за сливање на дождовница.

Максималната должина на кастелот мери 154 м, ширина 82 м (без кули). Ѕидовите се градени во цврст малтерен опус, доцноримскиот емплектон. Широки се до 2,40 м и многу компактни. Ова, како и бројот на кулите, укажува на поголемото значење на кастелот кај Чичево.

Кастелот очигледно бил постојано населен, со војниците и нивните семејства. За ова зборува некрополата пред с/з чело. Преку западното седло лесно и брзо се слегува до водата и по речната бразда до долините на Црна и Вардар.

*2 — „Белград (Кале)", Двориште.*

Лоциран е на истоимениот рид, висок 770 м, што се издига 0,7 км источно од с. Двориште, 2,5 км и-с/и од Клепа и 2 км

---

13 И. Микулчиќ, Старо Скопје, 59—63 и посочена обемна литература.

ј/з од локалитетот „Видин", с. Водоврати — античкиот град Арг. Ридот е создаден од бел варовник; има оголена површина, па оттука и името на урнатата тврдина — „белиот град".[14]).

Ридот има тркалезна форма со чело свртено на север. Од југ, преку тесно седло, поврзан е со планината. Одгоре се протега долго и сосем рамно плато.Северниот дел на платото е искористен за градење на доцноантичка тврдина.

Тврдината има издолжена форма, долга до 170 м и широка до 64 м (сп. план). Ѕидовите се градени од локален варовник, врзан со малтер. Широки се само 1,45—1,50 м. Повлечени се во прави потези, кои се кршат под благи агли. Јужниот крај на тврдината завршува во вид на тесен клун, зајакнат со истурен темел и вовлечена четвртеста кула; до кулата веројатно се наоѓала и една потерна. Пред кулата, во карпа е просечен плиток одбранбен ров.

Северниот крај на кастелот е заоблен, бранет со голема четвртеста кула (8 x 7 м). Кулата има удвоена темелна стопа на челната страна. Само 6 м западно од кулата започнува масивна триаголна полукула — тригон. Еден сличен тригон како да се наѕира во урнатината, 12 м источно од челната кула. На источниот ѕид, повлечен на најпристапната страна, се гледаат урнатини од 2 помали четвртести кули.

Под челната кула и с/з тригон, во падината е всечена груба правоаголна длабнатина со рамно дно. Голема е околу 8 x 20 м, а северната страна и е пробиена и денес недостасува. Очигледно се работи за остатоци од цистерна, во која била собирана дождовница од северниот дел на кастелот. Просторот околу цистерната е зарамнет и подзидан однадвор со силен каменен ѕид, се чини без малтер. Истиот секако ја чувал цистерната од директните напади оддолу.

На западниот ѕид, одвнатре, се потпираат повеќе од 30 напречни ѕидови. Широки се 0,70—0,80 м, градени од камен со малтер. Ѕидовите не се сочувани во целата должина, бидејќи почвата внатре наеднаш се издига, а еродирана е до гола карпа и крајот од ѕидовите е уништен. Сепак, на места се наѕира линијата на челниот ѕид, што некогаш ги поврзувал напречните ѕидови во долга редица од преку 30 простории. Просториите биле длабоки околу 6 м, а широки 2,70, 3,60 и 4,50 м, групирани според ширината во одделни целини. Тоа се веројатно димензионирани станови на војници и офицери, простории за општи потреби и сл.

Културниот слој во кастелот е максимално еродиран; цела средишна зона денес е гола карпа, а слојот се задржал само

[14] Локалитетот го забележале В. Радовановиќ, Тиквеш и Рајец, Београд 1924, 465, и Б. Јосифовска, н. д., 122, без да се искачат на него или да дадат некој конкретен податок.




Сл. 1 — Карта на Средното Повардарие со пајонски населби и Клепа.

во појасот крај источниот ѕид и делумно во просториите крај западниот ѕид. На површината се среќаваат ретки парчиња од тегули, од доцноантички тип. Присуството на тригони зборува дека тврдината егзистирала и во VI век.[15]).

Напред спомнавме дека 2 км с/и од кастелот стоел градот Арг. Арг го проживеал целиот антички период; во VI век го забележал Хиерокле[16]). Тоа е една причина повеќе за постоењето на тврдината и во ова време, како главно засолниште на градот во долината.

Третиот кастел се наоѓал на с/з огранок на главната планинска купа на Клепа, на висина од 920 м. Стоел на ридот Кале, 1,5 км западно од селото Скачинци и 3,5 км с/з од врвот на Клепа. Во стручната литература е одбележан од порано, но




Сл. 2 — Карта-исечок: Клепа со доцноантички тврдини.

[15] За вакви фортификациони елементи, датирани не пред VI век, сп. И. Микулчиќ, Старо Скопје, 62 и посочена литература.

[16] Hierocl. Synecdemus 641, 3 — според Ф. Папазоглу, н. д., 233—234.

досега никој не го посетил ниту опишал[17]). И ние прибравме само информации од мештаните: дека има издолжена тркалезна форма, ѕидовите градени од камен со малтер и многу широки; дека имало и кули, и внатрешни градби, и површински наоди од питоси и керамиди од антички формат. За жал, тоа е сè; локалитетот не е посетен, проучен. Врз основа на горните информации, земам право да претпоставам дека се работи исто за доцноантички кастел, во системот на утврдувањата околу Клепа.

Zusammenfassung
Ivan Mikulčić

ANTIKES HEILIGTUM UND KASTELLE AUF KLEPA

Klepa heisst eine Gebirgskette in der Mitte des mittleren Vardar-Gebietes, des Kernes des antiken Nordpaioniens (Abb. 1.). Ihre zentrale Lage und ausserordentliche Domination über die ringsumliegenden Täler von Vardar, Babuna und Crna, dann die charakternstnsche Vulkanspitze (1149 m) die von allen Seiten in einem Radius von cca. 40 km gut sichtbar ist, wie auch ihre wichtige meteorologische Rolle für dieses fruchtbares Gebiet — die Regenwolken fingen immer von dieser Spitze an — waren schon in der Frühantik nicht nur als ein Naturphänomen erklärt. Auf der Bergspitze ist ein viel geehrtes Heiligtum entstanden, dessen Tradition auch im Mittelalter (hl. Konstantin und Helene), und bis heute weiterlebt hat.

Im Jahre 1981 sind die archäologiche Reste auf Klepa zum ersten mal evidentiert. In der römischen Zeit (2—3. Jh.) ist auf dem engen Plateau an der Bergspitze, unter dem grossen heiligen Donnerfels, ein grosser Tempel aufgebaut worden. Fundamente, um 20 Marmorblocks von Postamenten, Stylobat u.a., dann Bruchstücke von Votivinschriften und Marmorstatuen der Artemis und Apollon liegen noch immer auf der Oberfläche, in Trümmern zerstreut. Im 4. Jh. war der grosse Tempel wahrscheinlich schon gestürzt und neben ihm ein kleiner Tempel aufgebaut. Reste von alten Reliquien waren jetzt in ihm gesammelt. Die Münzfunde zeigen uns, dass dieses heidnische Objekt bis zur Zeit des Theodosius I existiert hat (Abb. 3—6, 9—14).

Rings um des Heiligtum sind zahlreiche andere Bauten entstanden und das ganze Plateau (208 x 135 m) mit starken Mauern eingeringt worden. Das war das zentrale Kastell für die ganze

[17] В. Радовановиќ, н, д., 465.

weitumgebende Gegend. In der Spätantike sind unweit von da, auf etwas nidrigeren Bergdominanten, noch 3 andere Kastelle aufgebaut worden (Abb. 2):

1 — „Kale", G. Čičevo steht 3,7 km nach SO von der Bergspitze Klepa. Das Kastell ist planmässig gebaut, 154 x 82 m gross und die Mauern sind mit 9 Türmen und 2 Schutzgraben verstärkt. Vor der NW-Front liegt die gleichzeitige Nekropole (Abb. 7).

2 — „Belgrad", Dvorište liegt 2,5 км nach NO von Klepa. Das Kastell ist 170 x 64 m gross. Die Mauern sind mit Drei- und Vierecktürmen verstärkt und auf der Westseite lehnt sich eine Reihe von cca. 30 Räumen an. Zisterne für Regenwasser steht unter dem Nordende, in den Fels gehauen. Nur 2 km NO von dem Kastell liegen die Ruinen der antiken Stadt Argos (Abb. 8).

3 — „Kale", Skačinci, 3,5 km nach NW von der Bergspitze Klepa. Alle diese Kastelle kontrolierten einen sehr weiten umliegenden Raum, als einzige Befestigungen in diesem Gebiet.


„BELGRAD"
DVORIŠTE
CISTERNA
C.?
C.?
SEDLO
720
730
740
750
760
770
760
750
740
0
50 M
I. MIKULČIĆ



18
17
6
13
5
7
14
15
8
9
0
50 m
I. MIKULČIĆ


"Kale"
G.ČIČEVO
550
560
570
580
590
600
N
4
3
2
12
1
16
11
10


1 M.

„KLEPA", DVORIŠTE




KLEPA
DVORIŠTE
1140
1130
1120
1110
1100
ZGRADI
0
50 M
I. MIKULČIĆ



Δ1149 M
1
2
3
ZGRADI
ZGRADI
?
SEDLO
CISTERNA



Сл. 9 — Поглед од Двориште кон Клепа.




Сл. 10 — Врвот на Клепа, со позиции на храмови 1 и 2; од јз.



Сл. 11 — Клепа: депонија со обработени блокови; од север.



Сл. 12 — Делови од плочи со антички натписи.





Сл. 13, 14 — „Св. Костадин и Елена", Свеќани: натпис од градот Арг и еден блок од Клепа.